...НО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
...ВАЊЕ
...СКИ ГРОБИШТА
Бр. 04-733/28
22.10. 2024 год.
Охрид

# ЈП " ГРАДСКИ ГРОБИШТА " ОХРИД

**Тел/факс:267-268 Градски Гробишта : E- mail: gradskigrobista@t-home.mk**
**Жиро сметка : 250-0010027099-66 Дан.бр.:4020010514318**
**Депонент : Шпаркасе Банка Охрид**

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за Административни службеници ( Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и 9 Сл.весник на РСМ бр.275/19 и 14/20 ) , Предлогот за вработување на кандидати бр. 10-1208/9 од 24.09.2024 по Јавен Оглас бр. 217/2024 В.Д.Директорот на ЈП Градски гробишта Охрид донесува :

ОДЛУКА

За избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.217/2024

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр.217/2024 во ЈП Градски Гробишта Охрид.

* За работно место Самостоен референт -Координатор КДР0102Г01012, Одделение за наплата и услуги , Сектор Финансиско работење, број на извршители 1 ( еден), по Јавен Оглас бр.217/2024 во ЈП Градски Гробишта Охрид се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код 75АС66С и се избира Милена Стојановска .

2.Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

3.Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место по конечноста на оваа одлука , за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 14.08.2024 година во дневните весници ,, Слободен печат ,, ,, Вечер,, и ,, Коха ,,и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас бр.217/2024 за вработување на 4 ( четири ) административни службеници во ЈП Градски Гробишта Охрид.

Со Решение бр.10-1208/5 од 19.08.2024 год.за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас донесено од Директорот на Агенцијата за администрација , формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас , во функција на спроведување на постапката за селекција за вработување.

По спроведување на сите фази од постапката за селекција за вработување

- административна селекција - Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-1208/6 од 30.08.2024 година пропратен со прилог ,, Листа на уредни и неуредни кандидати ,,
- испит за административен службеник - Записник бр.10-1208/7 од 19.09.2024 година,
- проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник Записник бр.10-1208/8 од 24.09.2024 година ,

а врз основа на член 45 од Законот за административни службеници , до ЈП Градски Гробишта Охрид од страна на Агенцијата за администрација доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас бр.217/2024 од 14.08.2024 година бр.10-1208/9 од 24.09.2024 год.

Во предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.217/2024 за работно место Самостоен референт - Координатор КДР0102Г01012, Одделение за наплата на услуги , Сектор Финансиско работење , 1 ( еден извршител ) се предлага кандидатот со идентификациски код 75АС66С , Милена Стојановска .

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука :Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈП Градски Гробишта Охрид

В.Д.Директор,

Тренески Драган